

Јорднака Галева е родена на 7.7.1977 година во Скопје, Македонија. Своето високо образование го завршува на Алма Матер Студиорум Универзитетот на Болоња, Италија. Дипломирала на Факултетот по политички науки (Роберт Руфили во Форли), на смерот меѓународна политика, и се стекнала со титула дипломиран политиколог и магистер по политикологија; магистрирала на Економскиот факултет, стекнувајќи се со титула магистер по економија на кооперација; докторирала на докторските студии по Меѓународна соработка и политики за одржлив развој на истиот универзитет Алма Матер Студиорум, во конзорциум со Универзитетот во Пиза.
За време на својот престој во Италија работи како јазичен и социјален медијатор а по враќањето во Македонија била ангажирана како доцент на повеќе универзитети. Моментално е вработена на Правниот Факултет, на Универзитетот Гоце Делчев во Штип, каде предава предмети од областа на меѓународните односи и геополитиката. Зема учество на бројни меѓународни конференции и има издадено научни трудови на теми поврзани со геополитиката. мултикултурализмот, правата на малцинствата.

https://scholar.google.com/citations?user=vJQNvUoAAAAJ&hl=it